МАЛМЕД
АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И
МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА

Агенцијата за лекови и медицински средства, врз основа на член 76 и член 129 Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на РМ" бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16 и 53/16, решавајќи по барањето бр. УП1 20-129 од 16.11.2017 г. на **Друштвото за производство, трговија и услуги „ЕВРОПА ЛЕК ФАРМА" ДООЕЛ** од Скопје, за донесување решение за промена на решението за работа поради промена на податок кој се однесува на промена на површината на магацинскиот простор на Друштвото за производство, трговија и услуги, лоциран на ул.„Јадранска магистрала" бр.31, општина Бутел, Скопје донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се врши измена на решението на Агенцијата за лекови и медицински средстава бр. УП1 20-4 од 25.01.2017 година, поради промена на податокот кој се однесува на промена на површината на магацинскиот простор на **Друштвото за производство, трговија и услуги „ЕВРОПА ЛЕК ФАРМА" ДООЕЛ** од Скопје**,** со седиште на ул.„Јадранска магистрала" бр.31, општина Бутел, Скопје притоа податокот кој се однесува на површината на магацинскиот простор, лоциран на ул.„Јадранска магистрала" бр.31, општина Бутел, Скопје е променет, така што податокот кој гласи: 1061 м² се променува во **1273,1 м²**.

2.Промените утврдени со ова решение, основачот ќе ги изврши во Централниот регистар на Република Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

**Друштвото за производство, трговија и услуги „ЕВРОПА ЛЕК ФАРМА" ДООЕЛ** од Скопје**,** со седиште на ул.„Јадранска магистрала" бр.31, општина Бутел, Скопје и со ЕМБС 6714706 до Агенцијата за лекови и медицински средства достави барање бр.УП1 20-129 од 16.11.2017 г. за промена на податок во решението бр.УП1 20-4 од 25.01.2017 г., поради промена на површината на магацинскиот простор на Друштвото за производство, трговија и услуги, така што површината на магацинскиот простор се менува од површина 1061 м² во површина 1273,1 м². Кадарот останува ист (носителот на дејност магистер по фармација Моника Наумовски и дипломиран фармацевт Јулијана Иванова).

Кон барањето приложи: доказ за платени административни трошоци, решение од Централен регистар на Република Македонија, решение за дозволата за работа бр. УП1 20-4 од 25.01.2017 г. од Агенцијата за лекови и медицински средства, имотен лист од објектот, договор за закуп на објектот, скица на објектот, SITE MASTER FILE v2 и изјава за промена на површината на магацинскиот простор.

Во случај на промена на податоците содржани во дозволата за работа, по барање на Друштвото за производство, трговија и услуги, се врши промена на дозволата за работа врз основа на документацијата со која се докажува промената.

По разгледување на горенаведеното барање, а врз основа на поднесената документација за промена на површината на магацинскиот простор и записник од извршениот увид бр. УП1 20-129 од 07.12.2017 година на **Друштвото за производство, трговија и услуги „ЕВРОПА ЛЕК ФАРМА" ДООЕЛ** од Скопје, Агенција за лекови и медицински средства утврди дека не постојат законски пречки за непостапување по барањето и донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд - Скопје во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Решено во Агенција за лекови и медицински средства под бр.УП1 20-129 на 15-12-2017 година.

Изработил: Биљана Прентовска ,советник
Проверил: Мирјана Дончева,раководител на одделение

**В.Д. ДИРЕКТОР,**
**М-р фарм. Роберт Бекироски**

*Доставено до:*
- подносителот
- архива

Агенција за лекови и медицински средства на РМ
ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54 кат 1
Тел: (02) 5112-394